**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ВИШ УПРАВЕН СУД**
**СУ.бр.0102-426/2021-1**
**11.03.2022 година**
**Скопје**

Претседателот на Вишиот управен суд, Исмета Амет, согласно со член 88 од Законот за судовите („Службен весник на РМ"бр.58/06, бр.150/10 и 83/18) и член 112 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ"бр.66/2013,114/2014), на седницата на судии на Вишиот управен суд, одржана на ден 11.03.2022 година, донесе:

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ВИШ УПРАВЕН СУД ЗА 2022 ГОДИНА**
**заведена под СУ.бр.0102-426/2021 од 29.12.2021 година**

Според член 113 од Судсиот деловник, („Службен весник на РМ"бр.66/13,144/14), доколку настапат промени на условите под кои е донесен годишниот распоред за работа во судот и тоа се одразува на успешното работење на судот, во текот на годината може да се изврши негово изменување и дополнување согласно постапката за донесување од овој деловник.

Во Програмата за работа за 2022 година, заведена под СУ.бр.0102-426/2021 од 29.12.2021 година се врши дополнување и тоа:

На страна 3 , во **I – СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ СОВЕТ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ И ДРУГИ ПРАВА,** после основот „дисциплински мерки на член на Управен одбор на институт на ревизори", се додава основ **„ оспорени одлуки на Судски совет на Република Северна Македонија".**

На страна 4 , во **II – СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ СОВЕТ ЗА ПЕНЗИИ, ИНВАЛИДСКИ, СОЦИЈАЛНИ, ЗДРАСТВЕНИ ПРАВА, ПРАВА ОД РАБОТЕН ОДНОС, ФИНАНСИСКИ И ДРУГИ ПРАВА,** после основот „дисциплински мерки на член на Управен одбор на институт на ревизори", се додава основ **„ оспорени одлуки на Судски совет на Република Северна Македонија".**

На страна 5, во **III – СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ СОВЕТ ЗА ДАНОЧНИ, ЦАРИНСКИ, И ДРУГИ ПРАВА,** во точка 1. Советот за правата од областа за даноци и други права и во точка 2. Советот за правата од областа за царини и други права, после основот „дисциплински мерки на член на Управен одбор на институт на ревизори", се додава основ **„ оспорени одлуки на Судски совет на Република Северна Македонија".**

Ова дополнување е составен дел на Програмата за работа на Вишиот управен суд за 2022 година, заведена под СУ.бр.0102-426/2021 од 29.12.2021 година.

Со текот на работењето на Вишиот управен суд Програмата, соодветно би се дополнувала во согласност со согледаните позитивни или негативни појави, заради зголемување на ефикасноста и ажурноста на Судот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВИШ УПРАВЕН СУД**
**ИСМЕТА АМЕТ**